# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

## НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА,

**Зборник на сеќавања за дејноста на напредното учителство во Македонија пред војната и за време на НОВ,**

„Просветно дело", Скопје, 1985, стр. 369.

Во издание на Сојузот на педагошките друштва на Македонија и Работната организација за издавање учебници и наставни средства „Просветно дело" излезе од печат насловната книга. Зборникот е изготвен под редакција во состав: Перо Коробар, Драгослав Вељковиќ, Боро Пекевски и Благој Кондарко, кој е и уредник на Зборникот.

Книгата пренесува, опишува и објаснува дел од нашето народно, демократско и револуционерно наследство создадено во образованието и од образованието. Тоа е наследство што напредното учителство го создавало во услови кога македонскиот народ е национално и социјално поробуван и угнетуван, кога немал право да развива своја култура и кога ненародните владеачки режими пред и во текот на војната се обидувале и преземале мерки образованието да го стават во своја служба, да ги искористат неговите можности во остварувањето на својата денационализаторска и експлоататорска политика.

Книгата донесува текстови од голем број непосредни учесници и иницијатори на најразновидни образовни и револуционерни настани и активности. Во форма на сеќавање, со содржински богато, човечки емотивно и животно кажување, како и со применување на вонредна прецизност и аналитичност во претставувањето на поединостите, настаните и глобалните состојби, се запознаваме со значаен период од блиската историја на образованието и просветата и политичките состоіби, со појавата и формите на дејствувањето на напредното движење меѓу учениците од учителските школи и учителите, со борбата на прогресивно ориентираните учители, симпатизери и членови на КПЈ во учителските здруженија, конференции и конгреси, со борбата на напредното учителство за наутрализирање на политиката на владеачките режими во целина и во образованието посебно, со дејствувањето на КПЈ во редовите на просветните работници и учениците, со активностите на учителите во народното просветување и во другите идејни, културни и просветни активности со населението, со бројните ликови на про-

светни работници и револуционери и др.

Оттаму и повеќекратното значење на оваа потребна и возбудлива книга.

Таа содржи мноштво факти, описи, состојби и настани кои создаваат значајна основа да се изгради пореална претстава за степенот на развиеноста односно неразвиеноста на образованието во одделните краишта во Македонија, условите за работа, идејните движења и борби, мерките што ги преземал владеачкиот режим во остварувањето на својата политика, организирањето на воспитно-образовната дејност во училиштата и надвор од нив во средините и учителските редови и др. Во таа смисла овој фактички и аналитички материјал, презентиран во мошне атрактивна форма, има посебно значење за нашето непосредно запознавање и за натамошните научни осветлувања на овој период.

Оваа книга, меѓутоа, претставува сведоштво за развојот, ширењето и афирмирањето на напредните комунистички идеи, цели и идеали меѓу пресветните работници и ученици. Сеќавањата, изнесени во оваа книга, нè запознаваат со содржината и начините на работа на учителските здруженија, со дејствувањето на т.н. Трета учителска група која била под влијание на КПЈ и која во суштина претставувала марксистичка, комунистичка група. Сеќавањата за дејствувањето на оваа група покажуваат како, во услови на црн терор, забрани и ограничувања, полициска и инспекциска контрола, малтретирања и чести преместувања, се здобивала доверба и доминантна позиција во околиските учителски здруженија, се водела и извојувала идејна и стручно-педагошка победа над конзервативните и режимските идејни групации и тенденции меѓу учителите, се внесувала напредна содржина и идејна ориентација во просветните листови и списанија, учителските конференции и конгреси, учителските задруги, се развивале разновидни форми на работа со населението, воспитно-образовната работа во училиштата и др.

Сеќавањата претставуваат сведоштво и за тоа како напредните, комунистички ориентирани просветни работници — учители ја користеле наставата и целината на воспитно-образовната дејност, наспроти официјалните планови и програми и дефинираните цели и задачи, за развивање на напредни сфаќања и идеи кај учениците, за развивање свест за слобода и љубов кон својот народ, за борба против секој вид угнетување, за афирмирање политиката на КПЈ по националното прашање и развивање на братството и единството на југословенските народи и народности и др. Ова се појави и настани од дејствувањето на напредното учителство во Македонија, без оглед на неговата национална припадност, кои недоволно се проучени и научно осветлени и се уште не претставуваат, со својата прогресивна функција и содржина, потребна и значајна основа, секојдневен и оперативен културен и образовен хоризонт за нас современиците. Оттаму, оваа книга, иако само зборник на сеќавања, излегува во пресрет на оваа потреба и прет-

ставува предизвик за натамошни научни марксистички истражувања и толкувања.

Во Зборникот особено внимание е посветено на поцелосното прикажување на животот и делот на одделни просветни работници — револуционери кои работеле во Македонија, на осветлувањето на нивните културни и идејни хоризонти, на ентузијазмот и самопрегорот со кој работеле во училиштата и надвор од нив, нивната образовна и идејно-политичка борба со режимите и класниот непријател, нивниот придонес во создавањето на прогресивната атмосфера и борба на учителите и народните маси пошироко. Во осветлувањето на ликовите на овие учители — револуционери посебен акцент е ставен на нивната улога и придонес во НОВ и Револуцијата.

Достоинствено сеќавање и осветлување на животот и делото на плејадата учители — револуционери и раководители, дел од кои се прогласени и за народни херои, на мошне впечатлив и атрактивен начин се изградува претстава за ликот на просветниот работник, за достоинствата и добродетелите на народниот учител, трибун на народните маси, борец и револуционер, кој целосно е во служба на народот, прогресот и слободата и кој внесува богатство во содржината и начините на работа во училиштата и во средината во целина. Се оформува претстава за народен учител во чија дејност тешко може да се повлече граница меѓу тесностручната, педагошката и револуционерната, идејно-политичката и општокултурната дејност. Оттаму, овој Зборник претставува вистинска педагогија за ликот, функцијата и задачите на просветниот работник, инспирација за натамошното издигање и реафирмирање на дигнитетот на просветниот работник и во овој период од развојот на Револуцијата. Наша задача е да го проучуваме животот и делото на просветните работници — револуционери и во целината на воспитно-образовната дејност нивното дело да претставува наша секојдневна инспирација и прогресивна, револуционерна основа.

Нивниот придонес се согледува и оценува и во контекстот на фактот, за што во Зборникот се изнесени значајни податоци, што во рамките на оружената борба со окупаторот, на ослободената територија започна и борба за народна просвета и школување на младите, борба за масовно и широко развивање и организирање разновидни облици на воспитно-образовна дејност како составен дел од НОВ и Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија. Во таа смисла треба и да се сфати величината и далекувидоста на чинот кога уште на Првото заседание на АСНОМ, образованието и просветата добиваат потребно внимание, се донесуваат неколку одлуки со кои се санкционира македонското школство и кога со целината на НОВ и Револуцијата се ставаат темелите на социјалистичкиот развој на воспитанието и образованието.

Значајно е да се одбележи и тоа дека генерацијата просветни работници која се формира во крилото на КПЈ, која се калеше во борбата со поробувачот и клас-

ниот непријател и се здоби со богато образовно и револуционерно искуство во сите борби и судири пред војната и за време на НОВ — го понесе товарот и по ослободувањето кога во ослободена Македонија, започна, врз придобивките на Револуцијата, борба за своја просвета и култура, за забрзано изградување систем на воспитание и образование кој ќе ги реализира вековните идеали на македонскиот народ, ќе го совлада историското заостанување и ќе фати чекор со потребите и идеалите на современоста и иднината во социјалистичка самоуправна Југославија. Тој придонес има очигледно историско општествено и образовно значење. Импресивната развојност на образованието што се реализира во годините на слободниот живот и на севкупниот општествено-економски развиток на македонското општество, кога дојде до израз револуционерниот и творечкиот ентузијазам на македонскиот народ и народностите во Македонија и кога вековите се претвораа во децении, а децениите во години и денови, што се без преседан во историјата на воспитно-образовните системи, не може да се замисли и без придонесот токму на оваа генерација просветни работници кои го заслужуваат потребниот општествен и стручен респект и углед.

Секое дело на духот, книга во било која форма, дотолку е вредна, потребна, револуционерна доколку таа збогатува, ја поттикнува мислата, провоцира нови прашања, бара дијалог и нови истражувања. Таква книга и таква вредност има токму овој Зборник кој никого не ќе остави рамнодушен. Во него секој ќе најде материјал со кој може да комуницира и кој ќе ја надомести празнината што одамна ја чувствуваме. Ова дотолку повеќе што досегашните истражувачки зафати се уште се сиромашни, сегментарни и недоволни во согласност со значењето и придонесот што одделни настани, дела и личности го имаат во револуционерната историја на нашето образование.

За подготвувањето и издавањето на овој потребен и вреден Зборник треба да изразиме благодарност на бројните автори на одделните текстови, кои како непосредни учесници на одделните настани нѐ пренесуваат во еден дел од нашата понова и непосредна историја, на редакцискиот одбор на чело со Благој Кондарко и на РО „Просветно дело“.

Анатоли ДАМЈАНОВСКИ

## РУСИЈА И БОСАНСКО-ХЕРЦЕГОВАЧКИ УСТАНАК 1875—1878. ПОЧЕТАК РАТА НА БАЛКАНУ, Св. II,

**Приредио Бранко Павичевић. Уредник акад. Божидар Глушчевић.**

Црногорска академија наука и уметности, Титоград, 1986, 918 с. 8

Во издание на Црногорската академија на науките неодамна излезе од печат волуминозен зборник на документи, под горниот наслов, од 1876 година, што ја означи решавачката фаза во раз-